*10.11.2022 година*

**ЗАВРШЕН ТРУД**

*РАН на Западен Балкан Мал национален состанок*

*17-18 октомври, 2022 година, Сараево, Босна и Херцеговина*

# Поддршка на семејствата што се оставени сами

## Клучни исходи

Имајќи ги предвид личните искуства од рехабилитацијата што се однесува конкретно на жени и деца кои се враќаат од подрачјата што претходно биле контролирани од Даеш во Сирија и Ирак, Владата на Босна и Херцеговина (БиХ) усвои нова национална стратегија за спречување и борба против тероризмот (2021-2026 година). Оваа стратегија има за цел да промовира усогласен пристап за подготовка на семејствата и заедниците-приматели на жени и деца коишто во иднина некогаш ќе се вратат во татковината[1]. Се предвидува дека програмите и активностите за реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација ќе содржат краткорочни, среднорочни и долгорочни мерки од областа на безбедноста, здравствената и социјалната заштита, пристапот до образованието, мерки за економската поддршка и вработувањето, правна помош, како и други мерки што се потребни за средини со и без заштита. Програмите исто така ги вклучуваат и семејствата на повратниците како корисници со цел да ги подготват за евентуалното враќање на членовите на нивното семејство.[2]

Со цел да се разменат искуства и знаења, да се зајакнат компетенциите и да се стекне познавање за она што е потребно за посочување на потребите и ризиците кои потекнуваат од идни репатријации, беше организирана експертска работилница помеѓу социјални работници, психолози и локални администратори кои работат на С/БНЕ при давање поддршка на повратниците и нивните фамилии од БиХ, Косово*, Србија и Финска во времетраење од два дена. Главните сознанија што произлегоа од состанокот се:

- Семејствата на лицата кои заминуваат за Сирија и Ирак многу често ја немаат потребната поддршка да се справат со збунетоста и стресот кој произлегува од заминувањето и отсуството на членот на семејството. Тие бараат поддршка од социјалните работници на локално ниво со цел да ги изградат нивните капацитети за комуникација со повратниците и нивните деца.

- Со цел да им се даде поддршка на семејствата коишто се оставени сами, практичарите треба да направат пристапи прилагодени на секое семејство. Поддршката којашто е потребна зависи од неколку прашања, како на пример дали членот на семејството што заминал за Сирија или Ирак сè уште е жив или не и дали децата се со него. Во случај на смрт на членот на семејството, потребна е поддршка за ожалостените.

[1] Исто така, Босна и Херцеговина усвои план за репатријација и програма за реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација на граѓаните на Босна и Херцеговина кои се враќаат од конфликтните подрачја во Сирија и Ирак. Во нив има детални чекори за секоја институција што е вклучена во рехабилитацијата и реинтеграцијата во однос на постапките за безбедно, човечко и контролирано враќање на граѓани на БиХ од Сирија и Ирак.
[2] Стратегија на Босна и Херцеговина за спречување и борба против тероризмот (2021-2026 година)
* Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со UNSC 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.

Производ на Мрежата за зголемување на свеста за опасностите од радикализација **(РАН)**
Врз основа на труд што го изготвија Нејра Велјан и членовите на персоналот на РАН: Александра Корн и Вим Клеј.

European Commission

- Чинителите од граѓанското општество можат да изградат мост помеѓу семејствата и институциите со цел да изградат доверба и заедно да работат во процесот на рехабилитација и реинтеграција на повратниците.

- Земјите на ЕУ можат да научат многу од практичарите на Западен Балкан кога станува збор за работење со жени и деца повратници, а особено за нивната рехабилитација и реинтеграција во локалните заедници.

# Главни моменти од дискусијата

Главните моменти од дискусијата што се одржа во Сараево се наведени во сеопфатни теми и накратко се опишани во продолжение.

## Улогата на семејствата во заложбите за рехабилитација

- Во БиХ не се воделе никакви судски процеси за кривични дела против жени што се враќаат од Сирија или Ирак. Значи, решенијата во врска со нивната рехабилитација и реинтеграција во општеството треба да се изнајдат надвор од системот на заштита, во граѓанското општество.

- Главно, пристапот којшто го следи БиХ во приемот на повратниците се одликува со пренасочување од поимот *дерадикализација* на поимот што моментално се користи: *психосоцијална рехабилитација*. Заради војната што се водеше во БиХ во 1992 година, практичарите станаа исклучително вешти во работата користејќи пристапи поткрепени со факти за траума. Тие вештини се користат кога се работи со семејствата што се оставени сами.

- Пристапот на БиХ на некој начин може да се спореди со холистичкиот пристап што се применува во Финска. Таму, практичарите се обидуваат да ги откријат главните потреби, вредности, поплаки и болки на клиентот без премногу да се фокусираат на неговото екстремистичко минато. Се претпочита да не се зборува за дерадикализацијата, туку за инклузивноста, што значи дека перспективата е позитивна и гледа кон иднината.

- Во БиХ, жените повратници обично се сметаат само за жртви, а во Даеш можеби имале клучни улоги поврзани со сѐ од логистичка поддршка па до морално полициско работење без разлика дали активно или пасивно ги поддржувале свирепостите што биле сторени. За разлика од БиХ, во Косово, жените повратници не само што не се гонат, туку се држат под надзор затоа што патувале во Сирија или Ирак, во согласност со кривичниот законик.

- Семејствата играат клучна улога во контекстот на регионалната општествена структура и рехабилитацијата во БиХ, како и во другите земји од Западен Балкан. Во БиХ, жените повратници и нивните деца по нивното враќање се носат кај семејствата од коишто потекнуваат. Оваа пракса има неколку поволности, но и неповолности. Една од клучните поволности е дека семејствата можат да ги убедат повратниците да учествуваат во програми за рехабилитација и на тој начин да ја поддржат работата на практичарите. Една од неповолностите е дека практичарите заради тоа треба да работат со повеќе клиенти, т.е., со целото семејство.

- И повратниците и нивните семејства имаат конкретни психосоцијални и економски потреби. За практичарите од прва линија, да се работи со овие целни групи значи да се биде свесен за и да се разбере психолошката состојба што настанува како резултат на искуствата на жените и нивните деца за време на нивниот престој во Сирија или Ирак.

- Помошта на практичарите од прва линија за време на првата средба помеѓу повратниците и нивните членови на семејеството е навистина пожелна.

- Процесот на рехабилитација најверојатно ќе има поголеми шанси за успех ако семејствата и повратниците успеат заеднички да продискутираат за следниве прашања.

- Првично, зошто повратникот си заминал. Тоа може да зависи од разни фактори, вклучително и различни ставови за религијата во рамките на нивното непосредно опкружување, заљубување, семејно злоставување или алкохолизам, ментално нарушување итн.
- Тоа што повратникот го доживеал, вклучувајќи и поврат со можеби непосакувани деца како резултат на присилени бракови, а веројатно и силување.

- За да може да разговараат на толку тешки теми, семејствата мора да се охрабрат за да ги разберат верските потреби и траумата. За практичарите, ова значи дека треба да се набљудуваат врските во семејството, динамиката и емоциите.
  - Исто така, од интерес на децата повратници најдобро е да се направи холистичка процена на семејната ситуација. Процената можеби ќе подразбира воспоставување контакт со бабите и дедовците од двете страни, а воедно и со семејството на таткото на детето.

- Реакциите на враќањето на членовите на семејството можат да бидат различни. Семејствата можеби се соочиле со стигматизација откако членот на нивното семејство заминал за Сирија или Ирак. Најверојатно и самите почувствувале срам и траума.

- Додека семејствата треба да се сметаат за ресурс во процесот на рехабилитацијата, во ретки случаи, семејствата исто така можат да бидат фактор во процесот на радикализација на членовите што си заминуваат, а можеби ја делат и ја охрабруваат насилната идеологија.

- Можностите за финансиска независност и самоодржливост се клучни фактори кога станува збор за успехот на заложбите за рехабилитација. Меѓутоа, во оваа смисла, економската ситуација во БиХ е полна со предизвици за повратниците. Заложбите на Меѓународната организација за миграција (ИОМ) укажуваат на тоа дека вклученоста на локалните заедници може социјално и економски да ги зајакне и повратникот и неговата локална заедница, што ги зголемува шансите за одржливо исклучување. За оваа цел, ИОМ промовира локален дијалог за да поттикне дискусија за потребите на заедницата.

- Беше потенцирано дека се јавија потешкотии и за семејствата и за повратниците кога преземаат одговорност за нивните дејства. Постојат неколку начини на поттик за повратниците да чувствуваат отчетност и да размислат за она што го направиле, особено во случај кога повратникот не се гони кривично.

- Социјалните работници кои првично се плашеа да работат со повратници заради известувањата на медиумите кои сеат страв и заради севкупното општествено отфрлање наводно стекнаа емпатија преку директни средби. Тие ја потенцираа потребата да се адресираат личните предрасуди и стигматизацијата.

## Работење со семејства во контекст на пуштање на слобода од затвор

- Во БиХ, досега на 33 мажи повратници им беше доделена казна затвор помеѓу 2 и 3 години. Моментално, 8 насилни екстремисти и терористички престапници (НЕТП) се во притвор во БиХ.

- Реинтеграцијата моментално претставува неодложно прашање затоа што нема служби за условно ослободување, никаде не постои обврска за пријавување, ниту пак за учество во некаква програма по пуштањето на слобода. Потребен е подолг континуитет на грижа.

- Семејствата би можеле да играат клучна улога во процесот на рехабилитација. Иако моментално воопшто не се присутни во затворскиот контекст, следниве идеи би можеле да ја зголемат нивната вклученост.

  - Може да се донесе раководител за управување со предметот од Центарот за социјална работа којшто ќе биде во контакт со НЕТП и семејството пред лицето да биде пуштено на слобода.

  - Можат да се дадат дополнителни права на посета за членовите на семејството и можност за привремен отпуст како привилегија и/или придобивка заради добро однесување.

- Можат да се подготват семејствата да го искористат времето што го поминуваат заедно за позитивно да влијаат врз НЕТП и активно да бидат вклучени во нивната рехабилитација.

## Препораки

- Без разлика на ситуацијата на кој било повратник, треба да се воспостави контакт со сите семејства на кои им заминал некој член, за да се направи проценка на нивната ситуација и да се утврдат нивните потреби. За ова се потребни индивидуални пристапи.
- Семејствата треба активно да бидат вклучени во подготовката за пуштање на повратниците на слобода од притвор така што пред нивното пуштање ќе станат дел од програмата за рехабилитација. Како предуслов, на семејствата им е потребна помош во смисла на овозможување средства што би им биле доволни за повторно да го примат членот-повратник на семејството.
- Социјалните работници коишто работат со семејствата, како и со повратниците, треба внимателно да бидат одбрани и обучени. Досега се покажало корисно да се разменат искуства со колеги коишто имаат работено со целната група за да се надмине првичната неволност за соработка со нив.
- Кога се работи со жени повратници, се покажало корисно да им се освежат сеќавањата во однос на тоа кои биле пред да заминат и да се проба воспоставување на социјални контакти надвор од семејството, на пример, да се најде некој што им бил близок пред да заминат со цел да ја преземе улогата на сојузник во рехабилитацијата. Групите за самопомош за жени се уште една опција што може сериозно да се разгледа.
- Безбедноста на децата што се враќаат заедно со НЕТП исто така внимателно треба да се испланира така што активно ќе се вклучат, на пример, бабата и дедото или членовите на семејството кои влегуваат во рамките на законското старателство, кое треба да стапи на сила веднаш штом родителите повторно ќе влезат во државата.

## Релевантни практики

Во Косово, каде општините се надлежни за реинтеграцијата на жените повратници надвор од системот за заштита, Центарот за социјална работа во општина Приштина ги вклучува НВО за да помогнат и да ја поддржат одржливата реинтеграција, да обезбедат професионални обуки за вработување; да финансираат почнувањето на бизнис; да обезбедат можност за слушање на јазични курсеви и дополнително образование; да помогнат со процесот на градење и реновирање на домот и да дадат социјална помош.

Центарот за социјална работа во Сараево моментално спроведува пристап на работа со жени повратници кој има за цел да ја пренасочи стратегијата од дерадикализација во инклузивност. Ова опфаќа нивно економско зајакнување, редовно одење на децата во училиште, учество во воншколски активности и соработка со исламската заедница со цел да се зголеми прифатеноста на повратниците во локалната заедница.

ИОМ во БиХ обезбедува разни видови на поддршка за управување со враќањето, вклучувајќи фонд за реинтеграција во заедницата, како и надзор и обука на практичари кои работат со повратниците, како и со децата.

## Понатамошни активности

Некои понатамошни активности во Западен Балкан кои произлегуваат од овој состанок би можеле да вклучуваат и обуки за мултидисциплинарна социјална работа и во граѓанското општество и во средини на заштита.

# Дополнителни текстови


1. RAN (2022) Manual for Responses to returning foreign terrorist fighters and their families

2. Битиќи, К., Хасановиќ, М. и Перешин, А. (2021). Жени повратници од Сирија во земјите од Западен Балкан: Измеѓу тагување и „калифатска носталгија“: ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ТЕРОРИЗМОТ Том 15, Издание 5

3. RAN (2021) Gender-sensitive responses to returnees from foreign terrorist organisations: insights for practitioners



Производ на Мрежата за зголемување на свеста за опасностите од радикализација (РАН)
Врз основа на труд што го изготвија Нејра Велјан и членовите на персоналот на РАН: Александра Корн и Вим Клеј


European Commission